**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**

Ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

Бр: 04-224/13
Скопје: 24.11.25

Врз основа на член 29 став (1) од Законот за заштита на конкуренцијата ( ,,Службен весник на РМ,, бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и ,,Службен весник на РСМ,, бр.208/24 и 16/25) и член 52 став(1), (2),(5) и (6) од Законот за административни службеници ("Службен весник на РМ" број 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016, 11/2018 и ,,Службен весник на РСМ,, бр.275/19,14/20, 215/21, 99/24 и 208/24), генералниот секретар на Комисијата за заштита на конкуренцијата, донесе

**Одлука**

**за избор на кандидат за унапредување по пат на интерен оглас број 03/2025**

1.Кандидатот Роса Милошева, по пат на интерен оглас со архивски број 04-224/2 од 30.07.2025, се избира за работно место под реден број еден (1) Државен советник за меѓународна соработка, 1 (еден) извршител.

2. Изборот е извршен врз основа на Финална ранг листа на интервјуираните кандидати и предлог одлуката за избор на прво рангиран кандидат по Интерен оглас број 03/2025.

3. Избраниот кандидат ќе биде унапреден на работното место во рок од пет дена по конечноста на оваа одлука, за што ќе се донесе решение за распоредување.

4.Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

**Образложение**

Врз основа на добиено известување за обезбедени финансиски средства од Министерството за финансии број 19-5101/2 од 12.05.2025 година, генералниот секретар упати барање за започнување на постапка за унапредување на административен службеник, број 04-224/1 од 18.07.2025 година до Секторот за општи, стручно административни работи и човечки ресурси.

Интерниот оглас број 03/2025 со архивски број 04-224/2 од 30.07.2025 година е објавен на ден 04.08.2025 на интернет страницата на Комисијата за заштита на конкуренцијата и интернет страницата на Агенцијата за администрација. Во функција на спроведување на постапка за унапредување на административен службеник, генералниот секретар на Комисијата за заштита

Ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

на конкуренцијата, формира Комисија за селекција за унапредување со решение број 04-224/7 од 21.11.2025 година.

Комисијата за селекција за унапредување на ден 24.11.2025 година направи административна селекција со увид во веродостојноста на прилозите доставени од пријавениот кандидат и изготви Записник за административна селекција број 04-224/8 од 24.11.2025 година. По спроведеното интервју од страна на Комисијата за селекција за унапредување и изготвениот Записник од спроведување на интервју за унапредување на административни службеници број 04-224/9 од 24.11.2025 година, Комисијата изработи Финална ранг листа на интервјуираниот кандидат и Предлог одлука за избор на прво рангиран кандидат.

Врз основа на горе наведеното се изврши избор како во диспозитивот на оваа одлука.

По конечноста на оваа одлука ќе се донесе решение за унапредување на избраниот/те кандидат/и

**Правна поука**: Против оваа одлука може да се изјави жалба до Комисијата за одлучување по жалби и приговори на административни службеници во втор степен при Агенцијата за администрација, во рок од 8 (осум) дена од денот на приемот на одлуката.

**Комисија за заштита на конкуренцијата**

**Генерален секретар**

**Каролина Андоновска**

Доставено до:

-Избраниот кандидат
-Секторот за општи, стручно административни работи и човечки ресурси.
-Архива